УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 55 од Статутот на Градежниот факултет - Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 441/2019), согласно Одлуката за начинот на реализација на дејностите на Градежниот факултет - Скопје за време на вонредна состојба, донесена на 488 седница на Наставно-научниот совет, Наставно-научниот совет на Градежниот факултет - Скопје, на својата 517. седница, одржана на на 24.08.2022 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 02-21 92-180
31-08- 2022 год.

# ОДЛУКА

## за начинот на изведување на наставата во учебната 2022/2023

1. Предавањата на Градежниот факултет во Скопје во учебната 2022/2023 ќе се изведуваат со физичко присуство. По исклучок, на барање на предметните наставници, заради специфичностите на наставните содржини, дел од наставата може да се организира и со примена на средства за електронска комуникација.
2. Вежбите на Градежниот факултет во Скопје во учебната 2022/2023 ќе се изведуваат со физичко присуство. По исклучок, на барање на предметните наставници, заради специфичностите на наставните содржини, дел од аудиторните вежби може да се организираат и со примена на средства за електронска комуникација.
3. Другите активности кои ја сочинуваат наставата (консултации, семинарски работи, домашни задачи и др.), ќе се одвиваат со физичко присуство. По исклучок, на барање на предметните наставници, заради специфичностите на наставните содржини, дел од активностите може да се организираат и со примена на средства за електронска комуникација.
4. Наставата ќе се реализира според однапред утврден и објавен распоред.
5. Испитите ќе се одржуваат со физичко присуство. По исклучок, на барање на предметните наставници, заради специфичностите на испитниот процес, дел од испитите може да се организираат и со примена на средства за електронска комуникација.
6. Одбраните на дипломски, магистерски и докторски теми ќе се одвиваат со физичко присуство. По исклучок, наставници од универзитети од странство кои се членови на комисиите за одбрана на магистерски и докторски теми може да учествуваат на одбраните и преку примена на средства за електронска комуникација.
7. Во случај на донесување на нова одлука за начинот на одржување на наставата на ниво на целиот Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од страна на соодветните тела на УКИМ (Ректорска управа и Сенат на Универзитетот), Градежниот факултет со соодветна одлука ќе го прилагоди изведувањето на наставата на Факултетот, согласно одлуката.

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје, Република Северна Македонија, ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Декан:

Проф. д-р Златко Србиноски

Доставено до:
- ННС,
- Продекан за настава,
- Веб страницата на Факултетот,
- Студентите,
- Архива.